РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-ПРИЛЕП
Примено 20.05.2019
Орг.ед. 09 Број 460/2 Прилози 1 Вредн. 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-476/5
14.05.2019 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, донесе

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
Примено 20.05.2019
Организациона единица 08 Број 737/3 Прилог Вредност 1

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Менаџмент трет циклус студии на Економски факултет Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиската програма **Менаџмент трет циклус студии на Економски факултет Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор на науки по менаџмент**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Организациони науки и управување
Научно – истражувачко област: 50603, 50605, 50623.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Економски факултет Прилеп, за усвојување на трет циклус студиските програми „Менаџмент", на 28.12.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 21 седница, одржана на 17.01.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски